Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 септември 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/849 на Советот од 18 јуни 2020 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран

### Член 1

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/849 на Советот од 18 јуни 2020 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран.

### Член 2

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје,

- ембарго на стоки,

- финансиски мерки и

- забрана за влез во Република Северна Македонија.

### Член 3

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

Член 4

Одлуката (ЗНБП) 2020/849 на Советот од 18 јуни 2020 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 5

Рестриктивните мерки против Иран се воведуваат на неопределено време.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-8619/1**
**29 септември 2020 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Артан Груби**

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/849 НА СОВЕТОТ**

**од 18 јуни 2020 година**

**за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП во однос на рестриктивни мерки против Иран**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

Имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

Имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

Со оглед на тоа што:

(1) На 26 јули 2010 година, Советот ја донесе Одлуката 2010/413/ЗНБП[1] во однос на рестриктивни мерки против Иран.

(2) Во согласност со член 26(3) од Одлуката 2010/413/ЗНБП, Советот го преиспита списокот на назначени лица и субјекти наведен во Анекс II на таа одлука.

(3) Советот заклучи дека рестриктивните мерки против сите лица и субјекти од списокот наведен во Анекс II од Одлуката 2010/413/ЗНБП треба да се задржат, сè додека нивните имиња не се наведени во Анекс VI од таа одлука и дека 10 записи внесени во Анекс II треба да се ажурираат.

(4) Затоа, Одлуката 2010/413/ЗНБП треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекс II од Одлуката 2010/413/ЗНБП се менува како што е наведено во анексот од оваа одлука.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во Службениот весник на Европската унија.

Брисел, 18 јуни 2020 година.

*За Советот*

*Претседател*

А. МЕТЕЛКО-ЗГОМБИЌ

---

[1] Одлука 2010/413/ЗНБП на Советот од 26 јули 2010 година во однос на рестриктивни мерки против Иран и укинување на Заедничката позиција 2007/140/ЗНБП (Сл. весник L 195, 27.7.2010 година, стр. 39).

# АНЕКС

Анекс II од Одлуката 2010/413/ЗНБП се менува како што следува:

(1) под насловот „I. Лица и субјекти вклучени во активности поврзани со нуклеарни или балистички проектили и лица и субјекти кои обезбедуваат *поддршка на Владата на Иран.*", следните записи се заменуваат со соодветните записи во списокот наведен под поднасловот „А. Лица":

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на вклучување |
|---|---|---|---|---|
| „8. | Ебрахим МАХМУДЗАДЕХ (Ebrahim MAHMUDZADEH) | | Поранешен управен директор на Iran Electronic Industries (види Дел Б, бр. 20). Во моментов генерален директор на Организацијата за социјално осигурување на вооружени сили (Armed Forces Social Security Organization). | 23.6.2008 година |
| 12. | Мохамад Реза МОВАСАГНИЈА (Mohammad Reza MOVASAGHNIA) | | Поранешен раководител на Samen Al A'Emmeh Industries Group (SAIG), исто така позната како Cruise Missile Industry Group. Оваа организација е назначена согласно Резолуција 1747 на Советот за безбедност на Обединетите нации и е наведена во Анекс I од Заедничката позиција 2007/140/ЗНБП. | 26.7.2010 година |
| 25. | Сајед Шамсудин БОРБОРУДИ (Sayed Shamsuddin BORBORUDI) (познат и како Сејед Шамседдин БОРБОРОУДИ (Seyed Shamseddin BORBOROUDI)) | Датум на раѓање: 21.9.1969 година | Поранешен заменик раководител на Организацијата за атомска енергија на Иран вклучена во списокот на ООН а во која бил подреден на Феридун Абаси Давани, вклучен во списокот на ООН. Бил вклучен во иранската нуклеарна програма најмалку од 2002 година, меѓу другото и како поранешен раководител за набавки и логистика во AMAD, каде бил одговорен за користење фиктивни компании како што е Kimia Madan за набавка | 1.12.2011 година" |

(2) под насловот „I. Лица и субјекти вклучени во активности поврзани со нуклеарни или балистички проектили и лица и субјекти кои обезбедуваат поддршка на Владата на Иран.", следните записи се заменуваат со соодветните записи во списокот наведен под поднасловот „Б. Субјекти":

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на вклучување |
|---|---|---|---|---|
| „87. | Khala Afarin Pars (познат и како PISHRO KHALA AFARIN COMPANY) | Последна позната адреса: Unit 5, 2nd Floor, No 75, Mehran Afrand St, Sattarkhan St, Техеран. | Учествува во набавка на опрема и материјали кои директно се применуваат во иранската нуклеарна програма. | 1.12.2011 година |

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на вклучување |
|---|---|---|---|---|
| 161. | Sharif University of Technology | Последна позната адреса: Azadi Ave/Street, PO Поштенски фах 11365-11155, Техеран, Иран, Тел. +98 21 66 161 Е-пошта: info@sharif.ir | Sharif University of Technology (SUT) има голем број договори за соработка со иранските владини организации кои се назначени од страна на ООН и/или ЕУ и кои работат во воени области или области поврзани со војска, особено во областа за производство и набавка на балистички проектили. Ова вклучува: спогодба со Организацијата за вселенска индустрија назначена од страна на ЕУ за, меѓу другото, производство на сателити; соработка со иранското министерство за одбрана и Иранската револуционерна гарда (ИРГЦ) на натпревари за паметни бродови; поширока спогодба со воздухопловните сили на ИРГЦ кој опфаќа развој и зајакнување на односите со универзитетот, организациска и стратешка соработка; SUT е дел од спогодба помеѓу 6 универзитети што ја поддржува Владата на Иран преку истражување поврзано со одбраната.<br>Земено во целина, овие покажуваат значителен степен на ангажман со Владата на Иран во воени области или области поврзани со војска што претставува поддршка за | 8.11.2014 година“ |

(3) под насловот „II. Исламска револуционерна гарда (ИРГЦ)“, следните записи се заменуваат со соодветните записи во списокот наведен под поднасловот „А. Лица“:

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на вклучување |
|---|---|---|---|---|
| „6. | ИРГЦ (IRGC) Мохамад Али ЏАФАРИ (Mohammad Ali JAFARI) | | Поранешен командант на ИРГЦ. | 23.6.2008 година |
| 7. | ИРГЦ (IRGC) Бригаден генерал Мостафа Мохамад НАЏЏАР (Mostafa Mohammad NAJJAR) | | Поранешен министер за внатрешни работи и поранешен министер за MODAFL (министерство за одбрана и логистика на вооружените сили), одговорен за сите воени програми, вклучително и програми за балистички проектили. Во моментов, висок советник на началникот | 23.6.2008 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | ИРГЦ (IRGC) Бригаден генерал Мохамад Реза НАКДИ (Mohammad Reza NAQDI) | Место на раѓање: Нацаф, Ирак<br>Датум на раѓање: 1953 година | Заменик координатор на ИРГЦ. Поранешен заменик командант на ИРГЦ за културни и социјални работи. Поранешен командант на силите на отпорот Басиџ. | 26.7.2010 година |

| | Име | Податоци за идентификација | Причини | Датум на вклучување |
|---|---|---|---|---|
| 11. | ИРГЦ (IRGC) Бригаден генерал Хосеин САЛАМИ (Hossein SALAMI) | | Командант на ИРГЦ. | 26.7.2010 година |
| 13. | ИРГЦ (IRGC) Бригаден генерал Ахмад ВАХИДИ (Ahmad VAHIDI) | | Претседател на Врховниот универзитет за национална одбрана и поранешен министер за MODAFL | 23.6.2008 година“ |

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/849

## of 18 June 2020

## amending Decision 2010/413/CFSP concerning restrictive measures against Iran

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 26 July 2010, the Council adopted Decision 2010/413/CFSP (1) concerning restrictive measures against Iran.

(2) In accordance with Article 26(3) of Decision 2010/413/CFSP, the Council has reviewed the list of designated persons and entities set out in Annex II to that Decision.

(3) The Council has concluded that the restrictive measures against all persons and entities in the list set out in Annex II to Decision 2010/413/CFSP should be maintained, in so far as their names are not mentioned in Annex VI to that Decision, and that 10 entries included in Annex II should be updated.

(4) Decision 2010/413/CFSP should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annex II to Decision 2010/413/CFSP is amended as set out in the Annex to this Decision.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 18 June 2020.

*For the Council*

*The President*

A. METELKO-ZGOMBIĆ

(1) Council Decision 2010/413/CFSP of 26 July 2010 concerning restrictive measures against Iran and repealing Common Position 2007/140/CFSP (OJ L 195, 27.7.2010, p. 39).

ANNEX

Annex II to Decision 2010/413/CFSP is amended as follows:

(1) under the heading 'I. Persons and entities involved in nuclear or ballistic missile activities and persons and entities providing support to the Government of Iran.', the following entries replace the corresponding entries in the list set out under the subheading 'A. Persons':

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '8. | Ebrahim MAHMUDZADEH | | Former Managing Director of Iran Electronic Industries (see Part B, No 20). Currently director general of the Armed Forces Social Security Organization. | 23.6.2008 |
| 12. | Mohammad Reza MOVASAGHNIA | | Former head of Samen Al A'Emmeh Industries Group (SAIG), also known as the Cruise Missile Industry Group. This organisation was designated under UNSCR 1747 and listed in Annex I to Common Position 2007/140/CFSP. | 26.7.2010 |
| 25. | Sayed Shamsuddin BORBORUDI (a.k.a. Seyed Shamseddin BORBOROUDI) | DOB: 21/9/1969 | Former Deputy Head of UN designated Atomic Energy Organisation of Iran, where he was subordinate to UN designated Feridun Abbasi Davani. Has been involved in the Iranian nuclear programme since at least 2002, including as the former head of procurement and logistics at AMAD, where he was responsible for using front companies such as Kimia Madan to procure equipment and material for Iran's nuclear weapons programme. | 1.12.2011' |

(2) under the heading 'I. Persons and entities involved in nuclear or ballistic missile activities and persons and entities providing support to the Government of Iran.', the following entries replace the corresponding entries in the list set out under the subheading 'B. Entities':

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '87. | Khala Afarin Pars (a.k.a. PISHRO KHALA AFARIN COMPANY) | Last address known: Unit 5, 2nd Floor, No 75, Mehran Afrand St, Sattarkhan St, Tehran. | Involved in purchasing equipment and materials which have direct applications in the Iranian nuclear programme. | 1.12.2011 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 161. | Sharif University of Technology | Last address known: Azadi Ave/Street, PO Box 11365-11155, Tehran, Iran, Tel. +98 21 66 161 Email: info@sharif.ir | Sharif University of Technology (SUT) has a number of cooperation agreements with Iranian Government organisations which are designated by the UN and/or the EU and which operate in military or military-related fields, particularly in the field of ballistic missile production and procurement. This includes: an agreement with the EU-designated Aerospace Industries Organisation for, inter alia, the production of satellites; cooperating with the Iranian Ministry of Defence and the Iranian Revolutionary Guards Corps (IRGC) on smart boat competitions; a broader agreement with the IRGC Air Force which covers developing and strengthening the University's relations, organisational and strategic cooperation; SUT is part of a 6-university agreement which supports the Government of Iran through defence-related research.<br>Taken together, these show a significant record of engagement with the Government of Iran in military or military-related fields that constitutes support to the Government of Iran. | 8.11.2014' |

(3) under the heading 'II. Islamic Revolutionary Guard Corps.', the following entries replace the corresponding entries in the list set out under the subheading 'A. Persons':

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '6. | IRGC Mohammad Ali JAFARI | | Former Commander of the IRGC. | 23.6.2008 |
| 7. | IRGC Brigadier-General Mostafa Mohammad NAJJAR | | Former Minister for the Interior and former Minister of MODAFL, responsible for all military programmes, including ballistic missiles programmes. Currently, senior advisor to the Chief of General Staff of the Armed Forces. | 23.6.2008 |
| 8. | IRGC Brigadier-General Mohammad Reza NAQDI | POB: Nadjaf, Iraq<br>DOB: 1953 | Deputy Coordinator of the IRGC. Former Deputy Commander of IRGC for Cultural and Social Affairs. Former Commander of Basij Resistance Force. | 26.7.2010 |

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| 11. | IRGC Brigadier-General Hossein SALA-MI | | Commander of the IRGC. | 26.7.2010 |
| 13. | IRGC Brigadier-General Ahmad VAHIDI | | President of the Supreme National Defense University and former Minister of MODAFL. | 23.6.2008' |